РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
Су.04 бр.109/21
24.06.2022 година.
КИЧЕВО

Претседателот на Основен суд Кичево, Амдије Зенку, врз основа на член 17 ст.1 и чл.36 од Законот за судска служба , по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/21, за вработување на судски службеници, за работно место број 2 „Помлад судски референт-извршител во писарница“- категорија Г,ниво Г4-еден (1) извршител, по доставениот Предлог за најдобро рангирани кандидати на Комисија за селекција за вработување од 23.06.2022 година, денес на ден 24.06.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место број 2-„Помлад судски референт-извршител во писарница “ категорија Г , ниво Г4 ,еден (1) извршител, на неопределено време, се избира кандидатот:

со шифра ОСКГ403 -АИДАНА СЕЈДИНИ од Кичево со вкупно освоени бодови 86,25

Решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Кичево во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Lajme“ од 17.12.2021 година, објавен е Јавен оглас бр.1/21 за вработување на судски службеници за работно место број 2 „Помлад судски референт-извршител во писарница“категорија Г,ниво Г4-, еден (1) извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот, доставен е Предлог за најдобро рангирани кандидати од 23.06.2022 година, за работно место број 2-„Помлад судски референт-извршител во писарница“.

Во Предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување, за вработување го предложи кандидатот Аидана Сејдини од Кичево како прв рангиран кандидат од ранг листата.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот за најдобро рангирани кандидати од 23.06.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 ст.1 од Законот за судска служба, за работното место број 2 „Помлад судски референт-извршител во писарница", еден (1) извршител, како и имајќи го во предвид чл.17 и чл.36 ст.1 од истиот закон, одлучи како во изреката на оваа одлука, односно, го избра кандидатот Аидана Сејдини од Кичево , како најдобро рангиран кандидат по спроведената постапка по Огласот бр.1/21 .

Претседател на судот,
Amdije Zenku

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука ,кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од прием на известувањето, преку овој суд до Советот на судска служба.

Д-НО

-Аидана Сејдини

-Огласна табла

-Веб страна на судот

-Билјана Крстеска

-Снежана Стојкоска

-Лилјана Мицкоска

-